# МАРОКО

## Мароко – раскошот на градовите на империјата (датум на поаѓање: 09.04.2019)





### Софија – Малага – Танжер – Фес – Мекнес – Рабат – Касабланка – Маракеш – Софија

**ДЕН 1 Софија – Малага**

Заминување од аеродромот во Софија (Терминал 1) во 18:45 ч. со редовен лет на авиокомпанијата "Wizz Air". Пристигнување на аеродромот во Малага во 21:40 ч. и пречек од локалната агенција. Трансфер и сместување во хотел 4 * во Малага (Шпанија). Сместување. Ладен оброк во ресторанот на хотелот (или сув пакет). Ноќевање.

**ДЕН 2 Танжер**

**Појадок**. Заминување за пристаниште Тарифа (Шпанија) и поаѓање со ферибот за Танжер (Мароко) - времетраење околу 45 минути. По пристигнувањето во Танжер - туристичка програма. Градот е еден од најголемите и важни економски и транспортни центри на Кралството Мароко, кој се наоѓа во близина на Гибралтарскиот проток. Сместување во хотел со 4 *. Слободно време. **Вечера и ноќевање**.

**ДЕН 3 Танжер – Фес**

**Појадок**. Поаѓање за Фес. По пат следува посета на Шефшауен - синиот град на Мароко. Градот е сместен во падините на планинскиот синџир Риф и е мешавина од арапска, берберска и медитеранска архитектура, но несомнено најимпресивно е дека ова гратче е целосно сино. Обиколката вклучува прошетка низ медината, минувајќи низ карактеристичните занаетчиски дуќанчиња. Пристигнување во Фес. **Сместување во хотелот. Вечера и ноќевање.**

**ДЕН 4 Фес**

**Појадок**. Следува ден кој е посветен на градот Фес - најстариот империјален град и трет по големина во земјата по Казабланка и Рабат. Градот е основан во 790 г. во времето на Мулај Идрис II по што станува религиозен центар на Мароко. Тој е поделен на три дела: Фес ел Бали - стариот дел, кој е опкружен со ѕидини и е дел од листата на историско наследство на УНЕСКО; Фес Ждид - дел од новиот град Фес, вклучувајќи го т.н. Мела (еврејски кварт); Вил Нувел - најновиот дел од градот Фес, основан од Французите. Можност за посета на Средновековната Медина, Медресето Бу Инан - изграден во периодот 1351-1356 г. во мавритански стил од синот на султан Абу Инан Фарис. Медресето Бу Инан е не само поранешно верско училиште, туку и едно од најинтересните места на античкиот град Фес. Тоа е единственото училиште кое има сопствено минаре и се користи и како џамија - една од ретките во градот, кои се отворени за немуслимански туристи. Одспротива се наоѓа Дар Ал Магана - хидрауличен часовник со неверојатна структура, кој е изграден во XIV век. Тука е и најстариот универзитет во Мароко - "Ал Карауин", кој е изграден во 859 год. и е еден од водечките духовни и образовни центри во муслиманскиот свет. Ќе ја видите и познатата фонтана "Нежарин". Обиколката продолжува во трговскиот дел на најстарата медина, која се смета за најубавата во Мароко. По ручекот - посета на фабрика за производи од кожа. **Враќање во хотелот. Вечера и ноќевање.**

**ДЕН 5 Фес – Мекнес – Рабат – Касабланка**

**Појадок**. Поаѓање за Мекнес, кој е уште наречен и "Марокански Версај". За време на патувањето кон Мекнес, посета на урнатините на “Волубилис”. Кратка обиколка на Мекнес. Слободно време за ручек. Патувањето продолжува во насока кон Рабат и панорамски разглед на градот, вклучувајќи: мавзолејот на Мохамед V, кулата на Хасан и кралскиот дворец (разгледување однадвор). Поаѓање за Казабланка. **Сместување во хотелот. Вечера и ноќевање.**

**ДЕН 6 Касабланка – Маракеш**

**Појадок**. Комбинирана тура (пешачка + автобуска на Казабланка - најголемиот и најромантичен град во Мароко. Посета на Старата Медина; плоштадот “Мохамед V”; трговската улица од 1930 год.; плоштадот на Обединетите нации; паркот ‘Арапската лига” карактеристичен по своите палми. По ручекот, поаѓање за Маракеш. Пристигнување и сместување во хотел "Marrakech Farah Magrib" 4 * / "Le Printemps" 4 * (или сличен). Организирана посета на познатиот плоштад "Гема Ел Фна", каде што шоуто никогаш не е здодевно - луѓето кои голтаат оган, раскажувачи на приказни, дресери на мајмуни, скротувачи на змии и други видови уметници. Тргнување од хотелот во 20:00 ч.. Можност за вечера во типичен марокански ресторан (по желба и со доплата). Враќање во хотелот со автобус, додека за тие кои сакаат да останат до подоцна, враќањето е индивидуално. **Вечера и ноќевање.**

| ДЕН 7 | Маракеш |
|---|---|

**Појадок**. Комбинирана тура (пешачка + автобуска) на Маракеш, наречена "Бисер на југ". Градот е основан во XI век и е втората империјална престолнина - неверојатна исламска и арапска архитектура, различните етнички групи, шарени пазари и интересни улички. Алморавидите, кои денес се населиле во Маракеш, оставаат зад себе неверојатни палати и градини. Утрото посета на: џамијата “Кутубија” (однадвор), градините “Менара”, гробниците на владетелите од династијата Са'адид и прекрасен примерок на палатова архитектура - палатата “Бахија” и познатиот плоштад "Гема Ел Фна" Можност за посета на градините на “Мажорел” (по желба, доплата за влезница од 7 евра). Историјата на градината започнала во далечните 1920-ти, во екот на колонијалната ера. Тоа е кога Мароко е окупиран од Франција. Во истата година, истакнатиот француски уметник, Жак Мажорел, се населил во Маракеш. Тој ја купува градината и има за цел да започне нов живот - и успева. Жак Мајорел создава мала оаза меѓу суровата магла на пустината - гради базен, сади кокосови палми, банани и бугенвилии. Денес уметникот е заборавен од историјата, но во градината - не. И ова е благодарение на Ив Сен Лоран - дизајнер во светот со висока мода. Тој ја презеде градината во 1980 год., го збогати и не дозволи да потоне во заборав. Подоцна во градината е изграден мал музеј посветен на исламската уметност. **Враќање во во хотелот. Вечера и ноќевање.**

| ДЕН 8 | Маракеш – Софија |
|---|---|

**Појадок**. Трансфер до аеродромот во Маракеш со директен лет на авио компанијата ""BH Air" во 18:30 ч.

| ДЕН 9 | Софија |
|---|---|

Пристигнување на аеродромот во Софија во 00:50 ч.

**Промотивна цена 795 еур!**

**Промоцијата е валидна за нови резервации до 27.12.2018 год.**

## Во цената е вклучено:

Авионски билет за редовен лет Софија-Малага на авиокомпанијата "Wizz Air" со вклучени аеродромски такси и рачен багаж до 10 кг со димензии до 40x30x20 см;
Чартер лет Маракеш-Софија на авиокомпанијата "BH Air" со вклучени аеродромски такси, чекиран багаж до 20 кг и рачен багаж до 7 кг со димензии до 60x40x30 см;
Билет за ферибот Тарифа (Шпанија) - Танжер (Мароко);
Сите опишани трансфери по програмата;
1 ноќевање во Малага во хотел со 4 * со појадок и вечера;
1 ноќевање во Танжер во хотел со 4 * со појадок и вечера;
2 ноќевања во Фес во хотел со 4 * со појадок и вечера;
1 ноќевање во Казабланка во хотел со 4 * со појадок и вечера;
2 ноќевања во Маракеш во хотел со 4 * со појадок и вечера;
Посета и обиколка на Маракеш, Казабланка, Рабат, Мекнес, Фес, Шефшауен и Танжер;
Посета на рушевините на Волубилис;
Општинска такса - 1,76 евра дневно;
Претставник на тур-оператор со бугарски јазик за време на екскурзијата;
Сите трансфери, обиколки и посети опишани во програмата со лиценциран туристички водич и превод на бугарски;
Патничко осигурување со покритие до 30 000 EUR на осигурителна компанија "Сава осигурување"
Цените се дадени во евра, уплата се врши исклучиво во денарска противвредност по курс 1€ = 62мкд.

## Во цената не е вклучено:

Дополнителни екскурзии; услуги кои се со доплата; трошоци од лична природа;
Влезници за градините на Мажорел (7 евра / лице), влезници на џамијата "Хасан II" (12 евра / лице) - се плаќа на лице место;
Ручеци;
Пијалоци за време на оброците;
Бакшиш за водич / возач: 15 евра по лице за целиот престој - со плаќа на лице место;
За лица над 65 г. автоматски се додава доплата за осигурителна премија
Виза за Мароко

## Сместување:

| | |
|---|---|
| Двокреветна соба со разделени легла | вклучено во цената |
| Двокреветна соба со француски лежај/брачен кревет | вклучено во цената |
| Еднокреветна соба | **+€110** |

## Дополнителни услуги:

| | |
|---|---|
| Чекиран багаж до 20 кг. со димензии 149x119x171 cm за лет на "Wizz Air" Софија - Малага | **€45** |
| Чекиран багаж до 32 кг. со димензии 149x119x171 cm за лет на "Wizz Air" Софија - Малага | **€55** |
| Виза за Мароко | **€35** |